РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2063/9
20.05.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 17. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 12.5.2026 година**

**Членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Арѓенд Џелили, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** Стојан Трпчевски – уредник на информативна програма МТВ.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 17. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 16 седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 5.5.2026 година.
2. Нацрт-одлука за утврдување листа со настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија.
3. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Пела ДООЕЛ, с.Мало Коњари, Прилеп.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП Македонска радиотелевизија Скопје - Македонска телевизија - прв програмски сервис (МРТ1), за прекршување на член 55 став 1 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ЈРП Македонска радиотелевизија Скопје - Македонска телевизија - петти програмски сервис (МРТ5), за прекршување на член 55 став 1 од ЗААВМУ.

6. Информација за неисполнување на договорни обврски од страна на ЈЗУ СБГМП 13 Ноември Скопје, предвидени во Договор за донација, со предлог – спогодба за раскинување на договор.
7. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки – дезинфекција и дезинсекција.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: одржување на веб страниците на Агенцијата.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 16. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.4.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, образложи дека постојната Одлука за настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија е донесена во 2015 година, а во меѓувреме настанале повеќе промени кои наметнуваат потреба од нејзино ажурирање и дополнување. Посочи дека директорот на Македонска радиотелевизија доставил иницијатива за измена и дополнување, односно за донесување нова одлука за настани од големо значење. Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со оглед дека станува збор за подзаконски акт, предложи Советот да ја усвои Нацрт-одлуката и да отвори јавна расправа во траење од 30 дена. Појасни дека, покрај предлозите содржани во иницијативата на Македонската радиотелевизија, во текстот се вклучени и дополнителни предлози произлезени од Агенцијата, а во текот на јавната расправа може да бидат предложени и нови измени и дополнувања.

Во однос на содржината на Нацрт-одлуката, директорот информираше дека зимските и летните олимписки игри, кои во постојната одлука биле уредени како две посебни точки, сега се обединети во една заедничка категорија. Дополнително, предложено е вклучување на пет нови категории на настани, и тоа:

- светски и европски првенства во атлетика;
- зимски и летни параолимписки игри, вклучително и церемониите на отворање и затворање, финалните натпревари и натпреварите во кои учествуваат спортисти од Република Северна Македонија;
- Олимпијада за глуви лица, заедно со церемониите на отворање и затворање, финалните натпревари и натпреварите во кои учествуваат спортисти од Република Северна Македонија;

- натпревари од УЕФА Лига на нации и УЕФА Европска конференциска лига во машка сениорска конкуренција, вклучително и натпреварите од редовните и елиминациските фази, полуфиналните и финалниот натпревар;
- дополнување на категориите поврзани со светските и европските првенства во повеќе спортови.

Посочи дека квалификациските натпревари на македонската фудбалска репрезентација за пласман на светско и европско првенство, кои претходно биле уредени во две посебни точки, во новата одлука се обединети во една заедничка точка. Исто така, натпреварите поврзани со светското и европското првенство во фудбал се обединети и дополнети со натпревари од групните и елиминациските фази.

Дополнително, кај УЕФА Лига на шампиони и УЕФА Европска лига се предлага да бидат опфатени и натпреварите од редовните и елиминациските фази. Кај светските и европските првенства во кошарка, одбојка и ракомет се предлага проширување на опфатот со натпревари од групните и елиминациските фази, а кај одбојката и со натпревари во женска конкуренција.

Во однос на ракометот, појасни дека терминологијата „европски куп на натпревари" се заменува со „ЕХФ Лига на шампиони во ракомет", при што дополнително се вклучуваат и натпреварите од групната и елиминациската фаза.

Директорот информираше и за техничка измена во точка 1 од Одлуката, со која се бришат зборовите „радиодифузна такса", имајќи предвид дека оваа давачка е укината во 2017 година.

Најави дека во текот на јавната расправа Агенцијата ќе организира состанок со сите заинтересирани страни, со цел дополнително разгледување на Нацрт-одлуката.

Претседателот на Советот, Сашо Стефановски, предложи по завршувањето на јавната расправа, на седницата на која ќе се разгледува конечниот текст на Одлуката, да биде поканет и директорот на Македонската радиотелевизија, со цел дополнително да се појаснат одредени прашања поврзани со предметната материја.

Советничката Гордана Мајнова постави прашање во однос на квалификуваните радиодифузери кои ги исполнуваат условите за пренос на настаните од големо значење, односно дали тие имаат право бесплатно да ги емитуваат настаните и дали емитувањето може да биде во живо или одложено.

Во одговор, директорот Трајчевски појасни дека радиодифузерите имаат право да ги емитуваат настаните, но не ги добиваат бесплатно, туку самостојно треба да ги обезбедат и платат правата за емитување.

Претседателот Стефановски дополнително нагласи дека правата за спортските настани се плаќаат, поради што и јавниот сервис има обврска да обезбеди финансиски средства за нивен пренос.

Директорот Трајчевски појасни дека право на емитување на овие настани нема само Македонската радиотелевизија, туку и останатите квалификувани терестријални телевизии, односно Сител, Канал 5, Алсат-М, Телма и Алфа.

Советникот Виктор Павловски посочи дека дел од овие натпревари досега биле пренесувани на српски или хрватски јазик преку странски канали и изрази очекување дека со предложените измени ќе се овозможи нивно емитување и на македонски јазик.

Во врска со тоа, директорот Трајчевски објасни дека при реемитување на странски канали програмата се емитува на јазикот на кој странскиот радиодифузер ја има обезбедено. Доколку, пак, квалификуван радиодифузер од Република Северна Македонија ги обезбеди правата за конкретен настан, истиот ќе се емитува на јазикот за кој радиодифузерот има добиено дозвола.

На дополнително прашање од Виктор Павловски дали е можно истовремено емитување на настаните и на Македонската радиотелевизија и на други канали, директорот појасни дека тоа зависи од видот на откупените права, односно дали станува збор за ексклузивни права за терестријално или за кабелско емитување.

Советничката Гордана Мајнова постави дополнително прашање дали, во случај Македонската радиотелевизија да има ексклузивни права за одреден настан, друг радиодифузер може да ги откупи тие права од неа.

Директорот Трајчевски појасни дека ексклузивните права се откупуваат токму со цел друг радиодифузер да нема право на емитување, но дека носителот на правата теоретски може да ги отстапи или препродаде.

Во дискусијата се вклучи и советникот Петар Џуровски, кој постави прашање дали јавниот сервис има предност при откупот на правата за пренос на овие настани.

Директорот Трајчевски истакна дека Македонската радиотелевизија нема предност во однос на останатите квалификувани радиодифузери, туку сите имаат еднакво право да учествуваат во постапките за обезбедување на правата за емитување.

Заменик на претседателот на Советот, Зирјета Јајага истакна дека, по спроведувањето на јавната расправа во траење од 30 дена, потребно е да се организира состанок со сите засегнати страни, вклучително и телевизиските оператори, со цел дополнително да се прецизираат критериумите и да се разјаснат сите дилеми и прашања отворени во текот на дискусијата, пред донесувањето на конечната одлука.

Советот на Агенцијата ја разгледа и едногласно ја усвои Нацрт-одлуката за утврдување листа со настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Нацрт-одлуката за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на Република Северна Македонија, да ја објави на веб-страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 30 дена, за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 3**

Цветанка Митревска, раководител на Секторот за правни работи и јавни набавки, образложи дека Трговското радиодифузно друштво Радио Пела ДООЕЛ с. Мало Коњари, Прилеп е имател на дозвола за радио емитување, издадена во 2017 година со важност од 9 години, чиј рок на важење истекува на 14 мај 2026 година. Посочи дека станува збор за радио програмски сервис од музичко-говорен општ формат на македонски јазик, кој се емитува преку терестријален предавател на локално ниво, на подрачјето на Општина Кривогаштани. Таа информираше дека радиодифузерот на 9

април 2026 година до Агенцијата доставил Барање за продолжување на дозволата за радио емитување, на образецот објавен на веб-страницата на Агенцијата. Првично доставеното барање не било уредно во целост, поради што на 16 април 2026 година на радиодифузерот му било укажано да изврши дополнување на документацијата. По доставувањето на усогласено и коригирано барање, Агенцијата пристапила кон негово разгледување, при што било утврдено дека барањето е уредно и целосно.

Дополнително, била извршена анализа на работењето на радиодифузерот, при што било констатирано дека Радио Пела ги исполнува условите утврдени во член 79 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за продолжување на дозволата за радио емитување. Било утврдено дека во периодот на важност на дозволата радиодифузерот не сторил сериозни прекршувања од член 79 став 4 од Законот, поради што се предлага Советот да го усвои поднесеното Барање и да ја продолжи дозволата за радио емитување.

Советникот Петар Џуровски истакна дека радиодифузерот постапил по укажувањата на Агенцијата и навремено ги коригирал недостатоците во документацијата, оценувајќи дека постојат услови за продолжување на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Пела ДООЕЛ с.Мало Коњари, Прилеп, УП1 бр.08-313 од 3.7.2017 година, за време од 9 (девет) години, за период од 15.5.2026 година до 14.5.2035 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Одлуката за продолжување на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Пела ДООЕЛ с.Мало Коњари, Прилеп да ја објави во „Службен весник на РСМ“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки, да ја достави до радиодифузерот, Одлуката за продолжување на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Пела ДООЕЛ с.Мало Коњари, Прилеп,

**Точка 4 и Точка 5**

Во однос на Точка 4 и Точка 5, директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, посочи дека двете точки се однесуваат на ист вид прекршување на ист законски член, констатирано кај два различни програмски сервиси – МРТ1 и МРТ5. Тој информираше дека за двете точки ќе биде дадено заедничко образложение, додека расправата и одлучувањето ќе се спроведат одделно за секоја точка.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, образложи дека прекршувањата кај двата програмски сервиси на Македонска радиотелевизија биле констатирани со вонреден надзор спроведен по службена должност. Таа посочи дека предметот бил поврзан и со претходно доставена претставка од граѓанин.

Во однос на програмскиот сервис МРТ1, било утврдено дека во премиерни и репризни изданија на детската програма „Музичка фабрика“, емитувани на 23, 25, 27 и 29 март, како и на 8, 10 и 12 април 2026 година, била користена аудиовизуелна комерцијална комуникација „пласирање производи“, што е спротивно на член 55 став 1

отпочнување на проектот, но до денот на седницата Агенцијата не добила писмен одговор. Во консултација со адвокатската канцеларија која ги застапува интересите на Агенцијата, било утврдено дека постојат услови за раскинување на договорот за донација поради нереализација на предвидената намена. Од тие причини, беше предложено Советот да донесе одлука за поведување постапка за спогодбено раскинување на договорот и враќање на средствата на сметката на Агенцијата. Доколку здравствената установа не постапи по барањето за спогодбено раскинување, беше предложено да се поведе и соодветна судска постапка. Истовремено, да бидат известени и Министерството за правда и Управата за јавни приходи за настанатата состојба.

Советничката Гордана Мајнова истакна дека, имајќи ги предвид состојбите во здравствениот сектор, жали што се дошло до ситуација да се разгледува раскинување на договорот за донација со оваа здравствена установа. Таа посочи дека станува збор за значајна установа од областа на геријатриската и палијативната медицина и изрази жалење што во изминатиот период не биле искористени средствата за реализација на проектот, особено имајќи предвид дека јавните здравствени установи имаат можност да обезбедуваат средства и преку сопствени приходи или капитални инвестиции од Министерството за здравство.

Советот на Агенцијата едногласно ја прифати Информацијата за неисполнување на договорни обврски од страна на ЈЗУ СБГМП 13 Ноември Скопје, предвидени во Договор за донација и даде одобрување директорот на Агенцијата да потпише Спогодба за раскинување на Договорот за донација склучен помеѓу АВМУ и Јавната здравствена установа – Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“ Скопје.

Секторот за правни работи да го извести Министерството за правда на РСМ за доставената спогодба за раскинување на договор за донација, со оглед дека за предметната донација Министерството за правда има донесено решение со кое истата е утврдена како донација од јавен интерес во областа на здравствената заштита.

Секторот за правни работи да ја извести Управата за јавни приходи за доставената спогодба за раскинување на договорот за донација, како надлежен орган за контрола на давањето, примањето и користењето на донацијата во случаи на примена на даночни поттикнувања во согласност со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Доколку примателот на донацијата не ја исполни обврската која произлегува од Спогодбата или не ја потпише спогодбата за раскинување на договорот, со цел заштита на правата и интересите, АВМУ да поведе судска постапка за наплата на доделените финансиски средства.

**Точка 7**

Цветанка Митревска, раководител на Секторот за правни работи и јавни набавки, образложи дека станува збор за набавка на услуга – дезинфекција и дезинсекција во деловните простории на Агенцијата, чија проценета вредност е под прагот за примена на одредбите од Законот за јавни набавки, односно под 1.000 евра, поради што истата не е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2026 година. Таа појасни дека

средствата за реализација на услугата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година. Дополнително посочи дека сите релевантни податоци во врска со предметната набавка се содржани во одлуката и во материјалите доставени за седницата.

Советникот Виктор Павловски побара појаснување во однос на распределбата на трошоците, имајќи предвид дека понудата изнесува 28.800 денари, односно дали половина од износот ќе биде покриен од страна на Министерството за спорт.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека распределбата на трошоците не е во соодност 50:50, туку е утврдена согласно договорот склучен меѓу институциите и квадратурата на просториите што ги користат.

Претседателот на Советот, Сашо Стефановски, појасни дека трошоците се распределуваат во соодност 65% на товар на Агенцијата и 35% на товар на Министерството за спорт.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка на услуга – дезинфекција и дезинсекција, во деловните простории, со вредност под праговите за примена на Законот за јавни набавки.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: дезинфекција и дезинсекција, во деловните простории, со вредност под праговите за примена на Законот за јавни набавки, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 8**

Цветанка Митревска, раководител на Секторот за правни работи и јавни набавки, образложи дека станува збор за постапка за јавна набавка на услуга за одржување на веб-страниците на Агенцијата. Таа посочи дека набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2026 година, а средствата за нејзина реализација се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година. Појасни дека постапката ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за јавни набавки кои се однесуваат на набавки од мала вредност, согласно проценетата вредност на средствата предвидени за оваа набавка. Во рамки на предметот на набавката е предвидено одржување на четири веб-страници на Агенцијата. Дополнително информираше дека постапката ќе започне со објавување на огласот на Електронскиот систем за јавни набавки, а како критериум за доделување на договорот ќе се применува најниска цена, при што ќе се користи електронска аукција за доставените понуди. Таа посочи дека сите останати информации и детали во врска со постапката се содржани во материјалите доставени за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: одржување на веб страниците на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: одржување на веб страниците на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со

Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 9 - Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**